АСОЦИЈАЦИЈА НА СОВЕТНИЦИ
ЗА РАЗВОЈ НА КАРИЕРА

<u>РЕДОВНО СОБРАНИЕ НА</u>
<u>АСОЦИЈАЦИЈА НА СОВЕТНИЦИ ЗА РАЗВОЈ НА КАРИЕРА (АСК)</u>
ДЕКЕМВРИ 2022 ГОДИНА

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА
# на Асоцијацијата на советници за развој на кариера АСК
# за периодот 01.01.2022 – 21.12.2022

Управен одбор на АСК во состав:

1. Славица Тасева
2. Катерина Златановска Попова
3. Ивана Дојчиновска Стојановиќ
4. Жаклина Гештаковска Алексовска
5. Мирјана Пехчевска Поп-Илиев
6. Биљана Велевска
7. Ленче Томова

Го поднесува следниот извештај за активностите реализирани во периодот 01.01.-21.12.2022:

## Вовед

Во текот на втората половина на 2022 година, АСК продолжи да работи користејќи ги сите ресурси и можности за промоција и вмрежување со други организации и институции. Главен фокус беше ставен на подигнување на јавната свест и генерална промоција на кариерното советување. Годинава АСК покрај домашните проекти стана дел од Еразмус+ мрежата и членовите на АСК учествуваа во меѓународни проекти и работилници (Human Library под покровителство на Вишеградски фонд, Еразмус + Idea Lab). Беа спроведени низа активности во соработка со Центарот за кариера на УКИМ и со Институтот ЈУНУС при Економскиот факултет во Скопје. Подетално опишано во подолните точки:

1. Проектни активности
2. Активности за поддршка на членките и клиентите
3. Активности на промоција и вмрежување
4. Развојно-административни работи

По прегледот на активностите даден е и извештај за активно членство и финансиски извештај од работењето на организацијата.

## Активности спроведени во периодот 01.01.2022 – 21.12.2022

### 1. Проектни активности

1.1 Во моментот АСК има само 1 поднесена апликација за која очекува информација и тоа во соработка со American Corner Скопје.

1.2 Проектот за Еразмус + “Support for adult education staff in motivating, guiding and advising adults in challenging learning situations” - MotiveAdults од Латвија не помина ни по втор пат во мартовскиот рок. Во апликацијата во октомврискиот рок АСК е Supporting Parner.

1.3 Проектот за Еразмус + „Mobile Apps for CV & Motivational Letter" - In Progress од Шпанија и Reconnect од Чешка не помина во мартовскиот рок.
1.4 Проектот за Еразмус + „Psychological Resilience after Pandemic" - Sıtkı Zaralı Primary School од Турција не помина во мартовскиот рок.
1.5 Проектот за Еразмус + „Flexibility Learning Experiences" - TESEO од Италија не помина во мартовскиот рок.
1.6 Проектот за кариерно советување во основни училишта во Општина Аеродром е одбиен.

## Одобрени проекти

1. **Human Librariy во Скопје -'Bridging Communities by Community Empowerment'**. Овој проект е од Вишеградски Фонд со партнери од Чешка, Словачка, Полска, Унгарија, Србија, Косово и Албанија. Реализацијата на проектот се одвиваше од април до ноември 2022. Во рамки на проектот беа предвидени 1 настан во живо и 3 онлајн настани. **Human Librariy во Скопје се одржа на 23.06.2022 во cafe Leaf.** Беа претсавени 10 живи книги од разни области од:
   - Жива книга за природна козметика, нега и убавина
   - Жива книга за патот до практиканска работа
   - Жива книга за живот со церебрална парализа
   - Жива книга за развој на општествената градина Бостание
   - Жива книга за филантропија
   - Жива книга со совети за нови почетоци
   - Жива книга за гимнастика на коњ
   - Жива книга за женската истрајност
   - Жива книга за помош на жени и деца жртви на семејно насилство
   - Жива книга за гејмерски муабети од маалото

Во спроведување на проектот беа вклучени Катерина Златановска Попова (проектен координатор), Славица Тасева и Изабела Христовска. На настанот беа ангажирани и волонтери. Целиот настан беше медиумски покриен со објави на портали и радио и телевизиски гостувања.
**Глобалната онлајн жива библиотека се одржа на 22.10.2022**. Славица Тасева беше жива книга како кариерен советник, а Катерина Златановска Попова го модерираше настанот.
Дополнителни активности кои следеа се **2 онлајн трибини на 08.11.2022 и 10.11.2022.**

2. **Erasmus+ проект: Digital Tools: to Engage to Empower, to Connect** во соработка со чешката организација Mission Reconnect. Чешката организација е координатор, а АСК партнер во проектот од програмата за мали грантови на Erasmus+. Проектот ќе се одвива од јули 2022 до мај 2023.

Проектот се состои од 4 фази:
   - Обука во Чешка за група на младите, младински работници, наставници и кариерни советници од СР Македонија и Чешка.
   - Онлајн истражување за користење на дигитални алатки од стана на младите, младински работници, наставници и кариерни советници
   - Организирање и одржување на 3 фокус групи
   - Одржување на 12 онлајн работилници за дигитални алатки (10 на македонски јазик и 2 на англиски јазик)

Истите активности се спроведуваат во РС Македонија и Чешка.
Во Преров, Чешка од 19.08.2022 - 24.08.2022 се одржа 4 дневна обука за дигитални алатки и кариерно советување. Учесници беа: Павлина Грујовска, Василка Панговска Мишова, Избела Христовска, Ана Топанчерова Коваческа, Александра Христовска, Дамјан Ивановски, Иван Мишов, Марија Алексовска и Душица Ивановиќ.

Обучувачи од АСК беа Катерина Златановска Попова и Славица Тасева.
На онлајн истражувањето се добиени вкупно 98 одговори.
Првите 2 онлајн работилници ќе се одржат на:

- 23.12.2022 - Креирајте ја својата уникатна дигитална новогодишна честитка со Canva
- 28.12.2022 - Дигиталните алатки Calendly, I love PDF & free QR code

Работилниците ќе ги водат Катерина Златановска Попова и Славица Тасева.
Активностите за преостанатите онлај обуки и фокус групи ќе се спроведат во периодот од јануари до март 2023.
Координатори на проектот се Катерина Златановска Попова и Славица Тасева.

3. **Erasmus+ проект: Idea Lab** во соработка со чешката организација Mission Reconnect. Чешката организација е координатор, а АСК еден од придружните партнери што овозможи на 1 член од тимот за проекти да посети 7 дневна обука во јули 2022 за планирање и пишување на обуки.
4. **Проект за обука на нова генерација на GCDF сертифицирани кариерни советници**
    - Отворена ИНФО СЕСИЈА за сите потенцијално заинтересирани кандидати ќе се одржи на 26.01.2022, среда
    - Процесот на комплетирање на документацијата до 15.02.2022
    - Програмата започна на 30 март 2022 и траеше 8 месеци, завршниот настан на презентација на случаите кандидатите го имаа на 30 ноември 2022
    - Во рамки на оваа генерација сертифицирани беа 5 нови GCDF кариерни соверници, од кои 3 поднесоа пристапница до УО за зачленување во АСК од 2023 година.
5. **Проект за изготвување на програми за обука на наставници и стручни служби во основните училишта преку акредитирани повајдери од страна на Биро за развој на образование**
Славица Тасева, Катерина Златановска Попова, Ленче Томова и Марија Коваческа работеа како проектен тим на подготовка на потребните материјали и содржини за спроведување на обуки во основните училишта. Материјалите беа дел од тендерската апликација на компанијата О3 која доби акредитација за 2 обуки на тема кариерно советување.
6. **Младите можат - експертски групи за подготовка на програми за кариерно советување:**
    - Програма за градење на капацитети на кариерни советници и наставници во средни училишта
    експерти: Славица Тасева и Биљана Велевска
    - Програма за кариерно советување на средношколци
    експерти: Ивана Дојчиновска Стојановиќ и Марија Коваческа
7. **Младите можат - експертски групи за обука за кариерно советување:**
    - Градење на капацитети на кариерни советници и наставници во средни училишта
    обучувачи: Славица Тасева и Катерина Златановска Попова
    Беа обучени 18 наставници од 3 средни училишта од Скопје: гимназијата Раде Јовчевски Корчагин, хемиското училиште Марија Кири Склодовска и економското училиште Васил Антески Дрен.
    Обуките се спроведуваа во текот на октомври и ноември 2022. Беа одржани вкупно 6 дена обука.
    - Кариерно советување на средношколци
    обучувачи: Ивана Дојчиновска Стојановиќ и Марија Коваческа
    Беа вклучени 20 средношколци од 4 средни училишта од Скопје: гимназијата Раде Јовчевски Корчагин, хемиското училиште Марија Кири Склодовска, економското училиште Васил Антески Дрен и АСУЦ Боро Петрушевски.

## 2. Активности за поддршка на членките и клиентите

**2.1 Обуки за дигитален алатки**

Во декември 2022 ќе се одржат 2 онлајн работилници за неколку дигитални алатки како: CANVA, Calendly, I love PDF & Free QR Monkey.

**2.2 Бесплатна работилница во соработка со Startup Macedonia за време на Глобалната недела на претприемништво**

Кариерните советнички Наташа Ивановска и Славица Тасева на 15 ноември одржаа работилница за Емоционална интелигенција и лидерство во просториите на Нетавил, Скопје.

**2.3 Еурогајданс Амбасадори**

Во рамки на повикот за Еврогајданс Амбасадори, **Национална агенција за европски образовни програми и мобилност** ги избра нашите членки Марија Коваческа и Изабела Христовска кои се 2 од вкупно тројцата амбасадори на национално ниво. Во рамки на своето дејствување тие имаа неколку работилници, објавени текстови и презентации за промоција на кариерното осветување како локално така и на меѓународно поле.

**2.4 Учество на обуки и конференции**

Во текот на цела 2022 година членките на АСК зедоа активно учество на голем број домашни и меѓународни обуки, семинари и онлајн работилници, конференции, семинари и вебинари.

**2.5 Активности за ченството:**

- организирана фото сесија за членките на АСК
- заедничко дружење во Public Room на 30.11.2022

## 3. Активности на промоција и вмрежување

**3.1 Учество на Денови на кариера при Универзитет Американ Колеџ**

АСК учествуваше со своја работилница на 14 април на настаните по повод Денови на кариера при Универзитет Американ Колеџ, во организација на нивниот Кариерен центар. Работилницата ја водеа Ивана Дојчиновска Стојановиќ и Славица Тасева

**3.2 Учество на Саем за кариера при УКИМ**

АСК првпат учествуваше на Саемот на граѓански организации на 7 јуни кој се реализираше во соработка на Центарот за кариера на УКИМ. На настанот АСК ги презентираше и промовираше своите активности и услуги. Исто така оствари и средби за потенцијални соработки и вмрежувања.

**3.3 Учество на Саем на граѓански организации во организација на CIVICA и Граѓански ресурсен центар**

АСК втор пат учествуваше на Саемот на граѓански организации на 24 септември. На настанот АСК ги презентираше и промовираше своите активности и услуги. Исто така оствари и средби за потенцијални соработки и вмрежувања.

**3.4 Серија на ТВ и радио гостувања на кои кариерните советнички говорат за кариерното советување и придобивките.**

Во изминатиот период, медиумската покриеност беше на утринската програма на Македонска Телевизија, ТВ Алфа, Телма и Македонско Радио.

**3.5 Вклучување на кариерните советнички на АСК во Еурогајданс базата на Национална агенција за европски образовни програми и мобилност.**

Во рамки на членството, кариерните советници од АСК редовно имаа покани за учество на меѓународни обуки и презентации поврзани со различни сегментти од областа на кариерата и кариерното советување.

**3.6 Остварена е средба со проф. Дебарлиев, раководител на ЈУНУС центарот при Економски факултет и реализирани беа 2 работилници**

- 01.11.2022 - Мојата лична мотивација и мојот стил на комуникација според интернационалната SDI методологија, тренер Мирјана Пехчевска Поп-Илиев.
- 06.12.2022 - Емоционална интелигенција според интернационална методологија GENOS EI, тренер Биљана Велевска.

**3.7 По повод денови на кариера на Архитектонски факултет на 30.11.2022 се одржа работилница на тема Каиерната патека – клучна животна вештина**, тренери Биљана Велевска и Изабела Христовска

**3.8 Во рамки на активностите за прослава на 75 години постоење на Факултетот за земјоделски науки и храна на 14.12.2022** се одржа работилница за Кариери на иднината, тренери Катерина Златановска Попова и Славица Тасева

**3.9 На Денови на кариера во Касарна, Охрид на 21.12.2022 се одржа работилница Дали сум привлечен за работодавачите?**, тренери Марија Коваческа и Ана Топанчерова Коваческа

**3.10 Учество во фокус група за подготовка на стратегија за млади**

На средбата како претставник од АСК се вклучи Василка Панговска Мишевска.

**3.11 Ознака за доверба**

Пратена комплетната документација за Ознака за доверба. По завршената консултација со назначениот консултант, ги доработивме сите детали и сега следува период на разгледување на апликацијата и КОНЕКТ да ни даде финално одобрување. Ќе биде потребно да направиме дополнувања на веб страната. Процедурата е во завршна фаза.

**3.12. Еурогајденс мрежа**

АСК се приклучи кон Еурогајденс мрежата на организации и образовни институции преку Националната агенција за европски образовни можности и размена.

## 4. Развојно-административни работи

**Седници на УО**

Во извештајниот период се одржани 7 редовни месечни седници на Управниот одбор на Асоцијацијата, како и неколку неформални координативни состаноци за проектни активности.
Датуми на одржаните седници на УО:

- 31.01.2022
- 28.02.2022
- 28.03.2022
- 30.04.2022
- 27.06.2022
- 19.09.2022
- 30.10.2022

**Промена на основачи и Управен одбор на АСК**

На 06.06.2022 се одржа вонредно собрание на членови на АСК. Наташа Ивановска истапи како основач и член на управен одбор на Асоцијацијата.
За нов ротирачки член на Управен одбор беше избрана Ленче Томова.
На седницата се усвои и новиот предлог Статут на АСК. Според новиот Статут направени се следниве измени:

- АСК е професионално здружение на сертифицирани кариерни советници
- Бројот на основачи и ротирачки членови се промени на 6 + 3
- Изборно собрание ќе се одржува на крај на година заедно со редовното Годишно собрание
- Членарината е 1.800 денари и ќе се плаќа до 28.02. за тековната година

Во моментов се подготвува дизајнот за Каталогот на кариерни советници кој ќе биде поставен на веб страната на АСК.
Предвидено е надградување на веб страницата на почетокот на 2023 година.

## ЧЛЕНСТВО

| | Име и презиме | Член на АСК |
|---|---|---|
| 1 | Емилија Јованова | 1 Почесен член |
| 2 | Ѓорѓи Кушевски | 1 Почесен член |
| 3 | Павлина Костовска-Грујоска | 1 Почесен член |
| 4 | Миле Бошков | 1 Почесен член |
| 5 | Славица Тасева | 2 Да/УО декемвври 2021 |
| 6 | Катерина Златановска - Попова | 2 Да/УО декемвври 2021 |
| 7 | Ленче Томова | 2 Да/УО декемвври 2021 |
| 8 | Билјана Велевска | 2 Да/УО декемвври 2021 |
| 9 | Ивана Дојчиновска - Стојановиќ | 2 Да/УО декемвври 2021 |
| 10 | Мирјана Пехчвска Поп-Илиев | 2 Да/УО декемвври 2021 |
| 11 | Жаклина Гештаковска Алексовска | 2 Да/УО декемвври 2021 |
| 12 | Наташа Ивановска | Да април 2022 |
| 13 | Гордана Стефковска - Вељановска | Да декември 2021 |
| 14 | Марија Коваческа | Да декември 2021 |
| 15 | Лидија Дамческа | Да декември 2021 |
| 16 | Јулика Шундовска | Да декември 2021 |
| 17 | Ана Темова | Да декември 2021 |
| 18 | Маријана Секуловска | Да јуни 2022 |
| 19 | Василка Панговска | Да јуни 2022 |
| 20 | Изабела Христовска | Да декември 2021 |
| 21 | Благица Сековска | Да декември 2021 |
| 22 | Александра Кацарски | Да јуни 2022 |
| 23 | Ивица Павлов | јануари 2023 |
| 24 | Зденка Николовска | јануари 2023 |
| 25 | Ана Топенчарова Коваческа | јануари 2023 |

АСК
АСОЦИЈАЦИЈА НА СОВЕТНИЦИ ЗА РАЗВОЈ НА КАРИЕРА

# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА АСК ОД 01.01.2022 ДО 31.12.2022 год.

| | |
|---|---|
| **ПРИЛИВИ** | |
| ПРИХОДИ ОД ПРОЕКТ: GCDF | 311.278 |
| ПРИХОДИ ОД ПРОЕКТ:ALL FOR YOU(th) | 221.400 |
| ПРИХОДИ ОД ПРОЕКТ:ERAZMUS+ | 314.900 |
| ПРИЛИВ ЗА ПАТНИ ТРОШОЦИ НА ERAZMUS+ | 155.841 |
| ПРИХОДИ ЗА ПРОЕКТ:HUMAN LIBRARY | 135.800 |
| ПРИХОДИ ОД ДОНАЦИИ | 20.403 |
| ПРИХОДИ ОД ЧЛАНАРИНИ | 4.800 |
| ПРЕНЕСЕНО САЛДО ОД 2021 | 38.300 |
| **В К У П Н О ПРИЛИВИ** | **1.202.722** |
| **ОДЛИВИ** | |
| ИСПЛАТЕНИ БРУТО ХОНОРАРИ | 790.611 |
| ОБУКА ЗА РАЗВОЈ (МОЈА КАРИЕРА) | 65.275 |
| ВЕЈ ГЛОБАЛ-ДОМЕН | 799 |
| БАНК.ПРОВИЗИИ | 11.379 |
| СМЕТКОВОДСТВЕНИ УСЛУГИ-ЗАВРШНА СМЕТКА | 31.650 |
| ДОГОВОРИ НА ДЕЛО-ТАМАРА | 9.200 |
| НАЕМ НА ПРОСТОР | 50.770 |
| ПЕЧАТЕЊЕ И КАНЦЕЛАРИСКИ МАТЕРИЈАЛИ | 21.485 |
| СНИМАЊЕ НА ВИДЕО МАТЕРИЈАЛ | 12.400 |
| ZOOM+CANVA | 5.600 |
| УГОСТИТЕЛСКИ УСЛУГИ | 13.890 |
| ДРУГИ ТРОШОЦИ | 6.945 |
| АВИОНСКИ БИЛЕТИ И ПРЕВОЗ | 157.400 |
| **В К У П Н О ОДЛИВИ** | **1.177.404** |

**1.202.722 - 1.177.404 = 25.318 (НА СМЕТКА НА 31.12.2022)**

**ОВИЕ ПОДАТОЦИ СЕ ОДНЕСУВААТ ЗА ВКУПНОТО РАБОТЕЊЕ НА ЗДРУЖЕНИЕТО ВО 2022 ГОД.**

**Изработил,Јагода Талевска ШПИРТ КОМПАНИ**

## Прилог 1

# АСК Social Club

- заедничко дружење на членките и новите соверници  на 24.09.2022
- заедничко дружење во Public Room на 30.11.2022

Во овие активности вклучувањето е според можноста, интересот и желбата на членките, а целта е взаемно зближување, дружење и размена на убава енергија.

# СТРАТЕГИСКИ ПРИОРИТЕТИ ЗА 2023

1. **Предвидена е средба за стратешка соработка со Кариерниот центар на УКИМ**
2. **Во тек е изготвување на Меморандум за соработка со Кариерниот центар при Факултетот за земјоделски науки и храна**
3. **Подготовка на нова група за ГЦДФ советници**
4. **Подготовка на апликација/и за нови Еразмус + проекти во март 2023**
5. **Подготовка на проектни апликации за отворени повици**
6. **Вмрежување и промоција**
7. **Организација на Career Talks**
8. **Обуки и во организација на АСК**
9. **Редизајн на Каталог на кариерни советници и update на веб страницата**
10. **Зачленување на АСК во меѓународни организации**